Напишано од Kristijan
Среда, 02 Март 2016 20:34 - Последно освежено Среда, 02 Март 2016 20:35

СОУ „Кузман Јосифоски - Питу“, во чест на херојот, чие дело гордо го следат 59 години, го одбележа патрониот празник со богата културно - уметничка приредба. Необично беше што свечената академија ја отворија, читајќи ја песната на Томе Велјаноски - Марулецот

, посветена на нивниот патрон. Претходно, ја посетија спомен куќата на Кузман и положија цвеќе пред спомениците во училишниот двор, пред Участакот и на Могилата на непобедените. Главната манифестација изобилуваше со "странски точки", на англиски, германски, француски. Се заигра и оро на театарската сцена, се рецитираше, се пееше и се танцуваше. Литературното читање беше збогатено со творби на основците и средношколците. Од спортските активности, акцентот го ставија на турнирот во женска одбојка.